Република Северна Македонија
Национална Установа-Центар за култура
АЦО ЃОРЧЕВ-НЕГОТИНО
Бр. 04-317/1
20.12.2021 год.
НЕГОТИНО

Врз основа на член 77 – ж од Законот за култура (''Службен весник на Република Македонија'' бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18), член 21 од Законот за работни односи (''Службен весник на Република Македонија'' бр. 62/05, 106/18, 114/09, 16/10, 47/11, 39/12, 13/13 до 120/18), член 13 став 2 точка 20 од Статутот на НУ Центарот за култура ''Ацо Ѓорчев'' – Неготино, Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување на давателите на јавните услуги во Националната установа Центар за култура ''Ацо Ѓорчев'' – Неготино **Бр. 01 – 108/2** од **17.05.2019** година, и Записник **Бр. 04 -316/1** од **17.12.2021** година, а во врска со Одлука за објавување јавен оглас **Бр. 04 – 284/1** од **26.11.2021** година и оглас **Број. 04-284/2** од **26.11.2021** година, на **20.12.2021** година, се донесува следната:

## ОДЛУКА ЗА ИЗБОР

**За вработување на неопределено време на 2 (две) лица, на работно место -**

**Друг стручен сценски работник,** со Шифра на работно место **КУЛ 030 04 В 02 002, и работно место Друг соработник во културата** со шифра на работно место **КУЛ 03 04 Г03 013 по пат на јавен оглас**

1. По Јавниот оглас **Број 04-284/2** од **26.11.2021** година, и спроведена постапка за вработување на 1 (едно) лице, на неопределено време, на работно место - **Друг стручен сценски работник**, се избира кандидатот:

**- Роска Илиева**

**2.** По Јавниот оглас **Број 04-284/2** од **26.11.2021** година, и спроведена постапка за вработување на 1 (едно) лице, на неопределено работно време, на работно место – **Друг соработник во културата се избира кандидатот:**

**- Милче Ташева**

**3.** Врз основа на оваа Одлука, ќе се донесе Решение за вработување и со избраниот кандидат од точка 1 и точка 2 од оваа Одлука ќе се потпише Договор за вработување.

**4.** Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на Согласност од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства за вработување на неопределено време на 1 (едно) лице, на работно место – Друг стручен сценски работник Бр. 18-4519/2 од 19.05.2021, и 1 (едно) лице на работно место Друг соработник во културата Бр. 18-5444/2 од 15.06.2021 година е донесена Одлука за објавување на јавен оглас **Бр. 04 – 284/1** од **26.11.2021** година.

Врз основа на одлуката објавен е јавен оглас **Број. 04-284/2** од **26.11.2021** година во дневните весници **''Слободен Печат''**, **''Вечер''** и **''Коха''**. По огласот, во Архивата на НУ Центарот за култура ''Ацо Ѓорчев '' – Неготино беа доставени 6 (шест) пријави.

Комисијата за вработување формирана со Решение **Бр. 04—310/1** од **14.12.2021** година, изврши административна селекција и проверка на веродостојност на доказите како и изврши интервју со кандидатите кои ги исполнува условите на огласот. Комисијата за вработување, по извршената административна селекција и проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто со кандидатите, подготви соодветни Записници

и ранг листа, и до директорот достави предлог за избор на кандидат, **Бр. 04 - 316/1** од **17.12.2021** година.

Имајќи го предвид горенаведеното, Директорот одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука: Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ Центар за култура ''Ацо Ѓорчев'' – Неготино, во рок од 8 дена од приемот на истата.**

Доставено до: - до: - Архива

до: - Кандидатот

до: - Агенција за вработување

НУ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА "Ацо Ѓорчев" - Неготино

ВД Директор

Виолета Стојановска